Врз основа на член 8 став (1) точка 3), а во врска со член 16 став (1) и став (2)од Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15 и 23/16) и член 3 од Правилникот за начинот на утврдување на повредите и мерките, начинот на забележување дека овластениот ревизор, друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец е неактивен, начинот на евидентирање на мерките во соодветниот регистар како и формата и содржината на барањето за бришење на забелешката за неактивност на Советот број 02-517/1 од 26.12.2014 година, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 05.03.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за времено одземање на лиценца на член на ИОРРМ**

1. На овластен ревизор – трговец поединец ТП "Ревизор Бабамов" - Струмица, се изрекува мерка – времено одземање на лиценца за работа во траење од две години.

2. Оваа решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

*О б р а з л о ж е н и е*

До архивата на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, Институтот на овластени ревизори на Република Македонија достави Одлука за изрекување дисциплинска мерка – времено исклучување од членство во ИОРРМ на овластениот ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов - Струмица, во траење од две години. Дисциплинската мерка е изречена заради незадоволително ниво на постапување во согласност со утврдените ревизорски правила при вршење на ревизијата и по препораките дадени во извештаите за контрола на квалитетот, односно поради прекршување на член 32 став (1), а согласно член 22-ѓ од Законот за ревизија и член 5 став (2) точка 1), алинеја 1 и 3 од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ.

Ул. "11 Октомври" бр. 7/2 спрат Г.Т.Ц 6 секција – Скопје / П. Фах бр. 488 / тел: + 389 02 3 222 667

Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, постапувајќи согласно своите законски надлежности, на седница одржана на ден 05.03.2020 година го разгледа известувањето од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, врз основа на што ја изрече мерката времено одземање на лиценца за работа на овластен ревизор – трговец поединец ТП Ревизор Бабамов - Струмица, во траење од две години, бидејќи се исполнети условите предвидени во Законот за ревизија за изрекување на наведената мерка.

Согласно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** *Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од приемот на решението.*

**в.д. Претседател на Советот**
**Ване Цветанов**

**Бр.** УП1 08/7
05.03.2020

Доставено до:
-Архивата на СУНРРМ
-Архивата на ИОРРМ